Кочо СИДОВСКИ

# ВЛАСИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА И НА БАЛКАНОТ ОД X ДО XIV ВЕК

Етничките проблеми периодично привлекуваат значително внимание на широките кругови на општеството. На новиот степен на развиток на хуманитарните науки се постигнува повторно целиот комплекс на прашања, поврзани со потеклото и историско-културната еволуција на овој или оној народ.

Темата на нашата работа е некои проблеми од историјата на еден од своевидните етнички феномени на Балканот во централниот период на средновековието, којшто се именувал во византиските извори како Власи.

Значително отстапувајќи од бројноста на другите народи на Балканот, меѓу кои тие живееле, Власите во текот на многу векови ја сочувале својата важна етничка индивидуалност и играле постепено зголемена улога во економскиот, социјалниот и политичкиот живот на средновековните држави од тој регион на Европа.

Покрај општите тешкотии на истражуваањето на проблемите на етногенезата, во дадениот случај ние се судираме со специфични тешкотии: сите известувања на изворите за почетната историја на Власите се однесуваат на територии, на кои не настанала нивна сопствена државно политичка организација.

Почнувајќи од XIX век расте бројот на трудовите со содржини од стопанскиот, политичкиот, општествениот и културниот живот на Власите. Во нив преовладува тезата дека: „Власите биле остатоци од старото романизирано население во планините кои како сточари, таму се повлекле во времето на преселбата на народите и на словенското населување". Кога станува збор за старото романизирано население може да се каже дека римските колонии на Балканскиот Полуостров беа формирани од домородни елементи и од други, дојдени од Италија. Така може да се објасни по две илјади години, еден италијански патеписец можел да каже дека имал слушнато од Власите од височините на Пинд: „нашите предци дојдени одземјите на Дунав и преку морето" и едните и другите ги споменуваат Карпатите и Абруцо, посочувајќи високи и пространи планини.

Кои беа оние колони со кои Рим го имаше населено целиот најбогат дел на Балканскиот Полуостров. Дали е можно да се најде во нив некоја трага на институцијата на клиенти.

Треба да се има на ум дека Римјаните беа врзани со обичаите повеќе од кој било друг народ, не треба, исто така, да се заборават односите коишто постоеле секогаш, од најдалечните времиња, помеѓу покровителствуваните кли-

енти чии односи доведуваат до заклучок дека постои еден народ освојувач и еден народ завојуван.

Но да се вратиме на проблемот за положбата на Власите во средниот век. Како и секој друг проблем за етногенезата, тој проблем може да биде решен само со заеднички усилби на научниците од најразлични специјалности, способни да дадат професионална оценка не само на писмените докази, туку и на податоците за археологијата, етнографијата, лингвистиката, ономастиката, топонимијата, хидронимијата, антропологијата итн. Еден од оние кои што имале намера да се занимаваат со ова прашање бил унгарскиот научник М. Ѓуни, со својата статија за византиските извори за историјата на Романците. Планот на Ѓуни, за жал, не бил остварен, бидејќи тој во меѓувреме починал. Сепак неговите трудови (трудови на приврзаник на миграционата точка на гледање) посветени на проблемот на потеклото на Власите, заслужено стекнале статус како класични во тој дел на историјата.[1]

Најстаро точно датирано известување за Власите наоѓаме во делата на византискиот војсководец од XI век Кекавмен. Самиот податок претставува прераскажување, а делумно точен цитат од хрисовулата на Василиј II Бугароубиец во корист на некој Никулица. Во низа истражувања кои биле вршени во последните години научниците дошле до усогласено мислење, дека Кекавмен, создавајќи го својот труд ги искористил личните архиви на две или три семејства на тесалиските магнати (Кекавмени, Никулици и Делфини), вклучувајќи оригинални документи, произлезени од цариградската владина канцеларија.[2]

На едно место од делото на Кекавмен се споменуваат Власи од Грција.

Четврта година од владеењето на Василиј II-тоа е времето од 10 јануари 979 год. до 10 јануари 980 год.

Второто (а возможно дури и прво по хронолошката последователност на настаните) известување за Власите му припаѓа на Јован Скилица со делото „Кратка Историја" кој пишувајќи за настаните што се случиле во 976 година, меѓу другото, го бележи и инцидентот кај месноста „Убави дабови". Во таа година и на тоа место комитопулот Давид бил убиен од Власи „патници" односно од Власи преселници.[3] Споменатиот податок во суштина претставува и најстара проверена потврда за постоењето на влашката етничка група во Македонија, Употребениот збор „одитис" упатувал на сточари преселници, кои во тоа време, според Јован Скилица, биле лоцирани меѓу Преспа и Костур, во еден ридско-планински предел, подалеку од градската и селската средина. Подоцна Ана Комнина, византиска писателка од XII век, пишува и објаснува дека тие што имаат номадски начин на живеење (номада) на говорен јазик се нарекуваат Власи (Влахос).[4] Во XIII и XIV век, во биографијата на српскиот крал Милутин и во една од грамотите на манастирот Трескавец кај Прилеп,

[1] Г.Г. Литаврин, Влахи во Византиских изворах X-XIII век, Юговосточная Европа в средние века, Академия наук Молдавской СССР, Кишинев, 1972, 93.

[2] Ibidem, 94.

[3] Византиски извори за историју народа Југославије. Том III. Београд, 1966, 75-76.

[4] Томо Томоски, Македонија низ вековите, Скопје 1999, 4-20.

бил употребен зборот Влах со грчка наставка за означување „Влахиотска земља“ и Влахот Епископ. Освен тоа име, во XIV век, во дел од Македонија се споменати Бои и Чипани Власи од групата фаршероти.[5]

Почнувајќи од тие докази токму до крајот на XII век терминот „Власи“ во византиските извори се споменува непроменливо еднакво со други етноними, Треба да се каже дека е компликувана содржината на етнонимите во средниот век, во тој број и византиските споменици: тие често содржеле во укажување не само на етничката специфичност на народите, но и на преовладувачкиот вид на неговото занимање, територијата на живеењето, политичката организација, религиозната припадност итн. Земајќи го предвид тоа, можно е да се каже, дека во извесна смисла всушност, „етничкиот аспект“ на терминот „Власи“ бил својствен на него дури во малку поголем степен, отколку на пример „Ромеи“ или „Болгари“: а во содржината на поимот „Власи“ не влегувала претстава за определена, строго исцртана територија, како и за посебно државно обединување, етничко именување на мнозинството поданици кое би можело да биде пренесено и на други етнички групации во нивните граници.[6]

Литаврин наведува дека, конкретната содржина на терминот „Власи“ во византиските извори се открива само во спомените за особеностите на дејноста и начинот на животот на Власите и во укажувањата на нивните тесни заемни врски. Ниту во еден документ од тоа време не се зборува непосредно за какви било јазични или антрополошки разлики на Власите од другите народи на Балканот. Несомнено, индиректно потсетување на нивната јазична специфика има само во беглата забелешка на византискиот учен од XII век Јоан Кинам, во која се вели дека според некоја усна традиција, предците на Власите некогаш се преселиле од Италија.[7]

Британскиот конзул во Битола, Бернард Гири кој бил на таа функција од 1909 до 1912 год. вели дека Власите биле продукт на старото римско население кое стапило во брак со домородни жени и недвосмислено се роднини по крв на нивните романски браќа.[8]

Свидетелството на Никита Хонијат за посебен „Влашки“ јазик (на тој јазик еден од заробените Византијци го молел царот на Бугарите, Асен да го пушти него на слобода поради „единојазичјето“ не се јавува како беспорно: Хонијат можел да го има во вид и не всушност влашкиот, туку бугарскиот јазик.[9]

Во редица извори од крајот на XII и почетокот на XIII век се забележува, може да се каже, еден вид на „експанзија“ на означувањето на зборот „Власи“: тоа било повеќекратно употребено по однос кон сето население на забалканска Бугарија.[10]

---

[5] Ibidem.

[6] Г.Г.Литаврин, op. cit., 96.

[7] Ibidem.

[8] Бернард Гири испратил писмо на 16 јули 1945 год. до Форин Офис во врска со тогашната положба на Балканот. Тодор Чепреганов, Документ од Британскиот конзул во Македонија Бернард Гири за македонското прашање, Историја, XXXVI/1-2, (2000), 99.

[9] Литаврин, op. cit., 96.

[10] Ibidem, 97.

Што се однесува за судбината на терминот Власи во XIV-XV век може да се каже дека веќе Д. Ангелов укажал на случајот, кога терминот „Власи" се пренесува во изворите на XIV век, а се однесувел на Северна и Средна Македонија и Епир, на претставници на некои етнички групи, ако тие се занимавале претежно со подвижно сточарство.[11]

Власите, по занимање претежно сточари, не оставиле некоја позабележителна трага во материјалната култура. Поради тоа присуството на Власите во Македонија во средниот век може да се следи врз основа на записите за настаните и личностите во историските извори. Во законските споменици, во наративните извори и во спомениците на културата се среќаваат лични имиња од влашко потекло. Меѓу нив спаѓа и Паскач, чиј лик а и име се познати од живописот на црквата Св. Никола во с. Псача во Славиште, градена во XIV век. Кон групата личности со влашки имиња спаѓа и властелинот Маљушат, којшто го дарувал манастирот Хиландар во 1334-1346 година со црквата Св. Никола во време и со катунот Влах по име Асодерци.[12]

Во политичките настани што се случиле во Македонија во 1342 и 1350 год. според зборовите на Ј. Кантакузин, учествувале и двајца Власи по име Цимпан и Марцелат. Првиот бил сточар од село Давидодово во околијата на Просек, а вториот бил старешина на пастири во околијата на Бер.[13]

Во средновековните историски извори може да се сретне и по некој топоним од влашко потекло. Меѓутоа идентификацијата на овие топоними е прилично отежната поради политичките и демографските промени што се случиле во изминатите векови. Треба да се спомене дека, во Македонија под османлиска власт покрај поместувањето на македонското и влашкото население од еден предел во друг имало и колонизирање на турски елементи во одделни македонски предели. Со време на споменатите простори биле избришани и заборавени словенските и влашките топоними.

Според професорот Томо Томоски којшто многу опстојно се занимава со ова прашање, најстар познат топоним од влашко потекло бил Кимба Лонга. Овој топоним бил споменат од византискиот писател Јован Скилица во патешествието на византискиот цар Василиј II при неговото навлегување во Струмската област и во Струмичко Поле во 1014 год. Проф. Томоски смета дека во науката преовладува мислење за Кимба Лонга т.е. Кампу Лунгу, во превод Долго Поле, дека се влашки зборови и првпат забележени во еден историски извор.[14] Влашки топоним по име Боимија е забележан јужно од Гевгелија и западно од реката Вардар околу градот Гуменџе.

Влашки населби имало и во јужниот дел од Пелагонија. Власи имало северно од Лерин, меѓу пределот Преспа и Костур и тоа според Ј. Скилица кон крајот на X век. Подоцна во XIV век Власи имало и во близината на Охрид.

---

[11] Д. Ангелов, За зависимото население в Македония през XIV век. Исторически преглед, 1957, бр. 1. 56-57.

[12] Томо Томоски, op. cit., 421.

[13] Ibidem.

[14] Ibid., 422.

Влашки топоними се среќаваат и во Македонија и во други места со утврдена старост.

Речиси четири века, почнувајќи од првите склавинии па до формирањето на Самоиловата држава, за Власите речиси и нема податоци во историските извори. Сепак врз основа на скромни податоци зачувани во историските извори, донекаде и делумно може да се следи процесот на формирањето на влашката етничка група. Според историските показатели, во времето на преселбите на народите и при нападот на варварите, а посебно на Словените и подоцна при населувањето на Словените на Балканот, се случило големо прегрупирање на населението во Македонија. Тоа историско збиднување било проследено и со значително намалување на бројот на жителите и со нивно преселување од еден предел во друг.

Што се однесува на XI-XIII век, каква било разлика во бројноста на споменувањето на Власите на истокот и на западот на Полуостровот толку е тешко забележителна, што врз нејзина основа не може да се добие претстава за разликите во збиеноста на влашкото население овде и таму. Покрај Епир, Македонија, Тесалија, полуостровот Халкидик и Североисточна Бугарија, Власите се споменуваат, исто така, и во реонот на долното течение на р. Марица и како жители на самиот Балкански гребен.[15]

Во 1166 год. се споменува дека во војската на Мануил I, кој водел војна со Унгарците, имало одреди на Власи, за кои се велело дека тие некогаш биле преселеници од Италија. Исто се истакнува дека тие Власи не биле од бреговите на р. Дунав туку од областите на империјата кои лежеле на југ од таа река.[16]

За Власите се споменува во 1164 год. кога Андроник Комнен станал против неговиот брат Мануил I и по неуспехот на неговиот обид тој побегнал во Галиција. Меѓутоа, според податоците на Никита Хонијат тој бил фатен од Власите, и бил однесен повторно назад кај царот. Инаку, тој сакал да завладее со престолот во Византија.

Сточарството во Македонија било развиена стопанска гранка и во годините на постојана борба меѓу Самоиловата држава и Византија. За димензиите на сточарството може да се види и од податокот од „Кратката историја“ на Ј. Скилица. Имено, тој пишува дека во 1017 година еден византиски одред под команда на Давид Аријанит и Константин Диоген навлегол во Пелагониската рамнина и притоа заграбиле многуброен добиток и многу луѓе.

Во делото на Ј. Скилица е зачуван и најстариот влашки топоним во Македонија „Кимба Лонгон“.[17]

Во XI век современикот на Ј. Скилица по име Кекавмен во делото Стратегикон вградил богат материјал од историјата на Власите во Тесалија, но и на нивните сродници во Македонија. Раскажувањето на Кекавмен за потеклото на Власите и за нивното занимање ги надминуваат географските рамки на Тесалија.

---

[15] Литаврин, op. cit., 100.

[16] Ibid., 422.

[17] Томо Томоски, op. cit., 427.

Во создадените услови и односи, учеството на влашкиот елемент во општествено-политичкиот и економскиот живот на Византија, имајќи ја предвид бројноста на овој елемент во даденото време, е забележително. Така, во војската на Алексеј Комнен бројот на војницита-Власи бил значаен. Во експедицијата на Византија против Сарацените од Сицилија во 1027 год., бил значаен и бројот на војници-Власи.[18]

И покрај тоа што Власите учествуваа во сите воени акции на страната на Византија во даденото време и простор, кај нив се јавува определено незадоволство кон самите Византијци, бидејќи византиската власт не ги почитувала доволно Власите и спрема нив се однесувала со омаловажување. Посебно византиската благајна ги оптоварувала со големи даноци токму, Власите, бидејќи тие располагале со неброени стада добиток-овци.

Во заштита на нивните права пред византискиот цар Исак Ангел истапиле пратениците на Власите Петар и Асен кои биле браќа. Меѓутоа, царот не исполнил ниедно нивно барање и како резултат на тоа дошло до вооружено истапување против византиските власти. За борба против востаниците, императорот Исак Ангел го назначил за командант на својата војска - Јован Кантакузен. Воените дејства се одвивале со наизменични успеси. Во 1192 год., Византијците биле поразени од Власите кај Берое. Византијците биле поразени и во 1194 год. По овие настани како жртви на заговор биле убиени браќата Петар и Асен.[19] Браќата биле наследени од нивниот помлад брат Јоаница (Латините Јоаница го викаа обично со името „Johanniciusi“, Романците, Власите со името Калојан и Јоница, Бугарите пак го викаа-Калојан, а пак Грците Јоаникиос). По меѓусебните интриги на Цариградската патријаршија и Римската црква во 1204 год., папата дава согласност императорот Јоаница да носи скиптар, круна и да кова свои пари. На 7 ноември 1204 год., на Јоаница му беа доставени сите царски симболи (прстен, митра, скиптар) за на 8 ноември 1204 год., на самиот христијански празник Свети Михаил, кардиналот Леон свечено да му ја стави круната на главата, прогласувајќи го за император на „Бугарите и Власите“.[20] Јоаница во текот на своето владеење се наоѓал во постојани судири со крстоносците. Тој бил ликвидиран како жртва на заговор.

Македонија во XIII век, со мали прекини била бојно поле на завојуваните балкански држави и коридор за странски војски. Воената активност проследена со пустошење на земјата и со грабеж на добиток неповолно се одразила врз сточарењето на Власите. Со поместувањето на државните граници било пресечено движењето на сточарите од летните на зимските пасишта. Привремената стабилизација на граничната линија меѓу Србија и Византија во Северна Македонија не донела некоја видна промена во развојот на сточарството. Имено во осумдесетите години на XIII век, српската феудална војска, по освојувањето на Северна Македонија, навлегла длабоко во византиската територија сè до Атонска Гора, пренесувајќи ги борбите во струмската и во серската

[18] Јон Аргинтеану, Историја на Армн Македонците (Власите), Букурешт, 1904 (1998).

[19] Ibidem, 71-76.

[20] Ibid, 81.

земја и во Крстопол. Притоа во текот на тие воени операции имало ограбување на имоти и на богатство во споменатите земји.[21]

Кон крајот на XIII век, во 1298 година, српско-византиската граница во Северна Македонија, според Теодор Метохит, постојано била вознемирувана од крадци на бикови и на кози, кои живееле на границата, надвор од населените места, во планините и во пустите места, каде што од заседа ограбувале патници и добиток и тргувале со украдените стоки.[22]

Власите ги носеле своите сточарски производи на продажба на пазарите и на панаѓурите во Македонија. Според професорот Томоски панаѓурот што се одржувал при манастирот Св. Ѓеоргиј-Горг кај Скопје и на 20 ноември во траење од осум дена покрај другите го посетувале и Власите.

Статусот на Власите во феудалното општество бил различен и определен според нивната класна припадност. Во XIV век, меѓу влашките сточари во Македонија имало и такви кои се здобиле со привилегирана положба. Тука се споменуваат кнезот Паскач, Цимпан и Марцелат. Во редовите на властелините имало и Власи.[23]

Во Душановиот законик повеќе одредби се однесуваат на Власите и на нивното занимање. Со чл. 82 вака било регулирано движењето на сточарите „во село каде што се задржал Влав или Арбанасин, да не се задржува друг кој по него оди.“[24]

Во грамотата на српскиот владетел Душан од 1345 година дадена на манастирот Богородица Перивлепта во Охрид се споменуваат селото Ѓунмино и селиште Фругови Власи.[25]

Власи со статус на отроци се забележани во грамотата на српскиот цар Душан од 1350 година со која му се потврдува баштината на властелинот Иванко Пробиштитовиќ. Во неа на имотот на штипсквта црква Св. Јован Крстител во 1350 година биле регистрирани Маноо Влахь и Драгославь Влахь со статус на отроци.[26]

Кога Турците го освоија Балканскиот Полуостров, што почна со заземањето на Галиполе (1326) и заврши со битката кај Никополе (1396), со поразот на обединетите христијански војски „сите народи на Балканскиот Полуостров си ја загубија независноста и станаа закрепостени селани на новите стопани.“[27]

По битката кај Марица во 1371 година, на османлиските освојувачи им биле отворени патиштата за навлегување во Македонија. Како последица на османлиското навлегување доаѓа до немилосрдно ограбување и поробување на незаштитеното население. Во осумдесетите години на XIV век, османлиската војска ги напаѓала градовите и со опсада и со јуриш го кршела отпорот на

---

[21] Томо Томоски, op. cit., 454.

[22] Ibidem.

[23] Ibid., 436.

[24] Id., 457; Душанов Законик. Нови Сад 1950, 50.

[25] I.

[26] I.

[27] Константин Папаначе, Рефлексии врз историската и политичката судбина на Ароманците, Скопје, 2001, 74.

нивните бранители. Земјата била сосема запустена и поробена. Тогаш на пазарот во Кандида се продавале робови заробени во разни места низ Македонија. Меѓу робинките се споменуваат и три Влаинки. На 6 март 1383 година Стамати Грино, жител на Кандија, ја продал на Јулиано Корнарио својата робинка Марија, по народност Влаинка. На 9 март 1383 год. Јулиано Корнарио и Виза, негова сопруга, жители на Кандија, му продавале на Стамати Грино, жител на Кандија, една робинка Маркезина, по народност Влаинка за 100 перпери. На 13 август 1384 год. во Кандија договор за продажба на една робинка по име Марија.[28]

Кочо СИДОВСКИ

## ВЛАСИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА И НА БАЛКАНОТ ОД Х ДО XIII ВЕК
## (Резиме)

Почнувајки од XIX век расте бројот на трудовите со содржини од стопанскиот, политичкиот, општествениот и културниот живот на Власите. Во нив преовладува тезата дека: „Власите биле остатоци од старото романизирано население во планините кои како сточари, таму се повлекле во времето на преселбата на народите и на словенското населување“. Најстаро точно датирано известување за Власите наоѓаме во делата на византискиот војсководец од XI век Кекавмен. Власите, по занимање претежно сточари, не оставиле некоја позабележителна трага во материјалната култура. Поради присуството на Власите во Македонија во средниот век може да се следи врз основа на записите за настаните и личностите во историските извори.

[28] Ив. Сактзов, Новооткрити документи отъ края на XIV век за Българи од Македония, продавани като роби. Македонски прегледъ, VII, кн. 2-3. София, 1932, 36, 54, 56.